Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 јуни 2020 година, донесе

# УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

## Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 72/2020, 76/2020, 94/2020, 97/2020, 100/2020, 136/2020 и 153/2020), по членот 4 се додава нов член 4-а, кој гласи:

„Член 4-а

Лекарот е должен веднаш по поставувањето на клиничка дијагноза до надлежниот центар за јавно здравје да пријави заболување или смрт и од заразната болест КОВИД-19 (COVID-19).

Микробиолошките лаборатории се должни веднаш да го пријават и причинителот Sars-Cov-2 вирус до надлежниот центар за јавно здравје, Министерството за здравство и Државниот санитарен и здравствен инспекторат, а најдоцна во рок од 48 часа од утврдувањето на секоја изолација или со друга лабораториска метода докажан, независно од изворот на изолатот.“

## Член 2

Одредбите од членот 1 од оваа уредба со законска сила ќе се применуваат за време на траење на вонредната состојба и по престанокот на траењето на вонредната состојба до 31.12.2020 година.

## Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

**Бр.44-5437/1**
**12 јуни 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА**
**МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**